ISSN 1857-5323

University American College - Skopje

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 85**

**Скопје, 28.06.2021 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на банкарство, финансии, сметководство и меѓународни економски односи на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА БАНКАРСТВО, ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И МЕЃУНАРОДНИ ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-583/3 од 04.06.2021 година донесена на 7-та седница на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки, одржана 04.06.2021 година, определени сме за членови на рецензентската комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на банкарство, финансии, сметководство и меѓународни економски односи на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат“ на 06.05.2021 година и во предвидениот рок се пријави:

*1. д-р Горан Василев*

Врз основа на приложената документација од пријавениот кандидат на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки му го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Горан Василев е роден во Скопје. Средно образование завршил во училиштето “Никола Карев“, Скопје. Дипломирал на Економски факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2001 година, со просечен успех 8.

Во академската 2005 година, како стипендист на Стопанска банка АД Скопје, магистрирал на Универзитетот Сити Колеџ во Солун, Р. Грција, афилијација на Универзитетот Шефилд од Велика Британија со просек 8,02 во областа МБА – Генерален менаџмент.

Во академската 2005/2006 година, како стипендист на УСАИД, добил Сертификат за Финансиски и банкарски менаџмент, од областа на Корпоративни финансии, Менаџмент на финансиски институции и Портфолио манаџмент, од Georgetown Универзитет од Вашингтон, студии на Универзитет од Винсконсин – Ла Крос, САД. За време на престојот во САД се стекнал и со звањето Сертифициран Финансиски Аналитичар (CFA) Прв степен од CFA Институт од Њу Јорк, САД.

Во академската 2016 година докторирал на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областа на банкарството.

Д-р Горан Василев има 20-тина години работно искуство во областите на финансии и банкарство. По завршените студии, работел во неколку реномирани меѓународни банкарски групации, на повеќе раководни позиции и тоа:

- 2001-2010 година, Стопанска Банка АД Скопје, членка на НБГ Групација.
- 2010-2016 година, Алфа Банка Ад Скопје, членка на Алфа Банк Групацијата,
- 2016-2017 година, Силк Роад Банк АД Скопје

Од 2017 година преминал во небанкарскиот финансиски сектор како управител на:

- Финансиско друштво Диџитал Финанце Интернационал Скопје (2017-2018 година, 2017-2018 година)
- Финансиско друштво ИутеКредит Скопје (2018 година-тековно)

За време на пост дипломските студии имал пракса во СитиБанк во Њу Јорк, САД.

*Научно-истражувачка дејност*

Во изминатите години д-р Горан Василев ги објавил следниве трудови во референтни научни списанија:

- Jadranka Mrsik, Goran Vasilev (2018), “Evaluation of Macedonian bank ‘policies before and after the 2008 crisis: A comparative study” Ekonomika, Vol. 64, No1, P.111-124
- Jadranka Mrsik, Goran Vasilev (2017), “The impact of the crisis on the lending decisions: Evidence from the banks in Macedonia” Annals of the “Constantin Brancusi” University of Targu Jiu, Economy Series, Issue 4/2017
- Jadranka Mrsik, Goran Vasilev (2017), “Changes in the bank’s performances after the crisis: A comparative study” Economic development No3/2017 p.(171-184)
- Ivo Paunovski, Dimitar Kovachevski, Goran Vasilev, Krum Efremov (2020), “E-Agriculture strategy: partnership as business model framework” Economics and Management, XVII, Issue: 1, Year: 2020, pp. 108-119

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (27 октомври 2020)** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Evaluation of Macedonian bank ‘policies before and after the 2008 crisis: A comparative study | 2018 | Ekonomika | https://ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/07/Y19-3-2017-12-1.pdf |
| The impact of the crisis on the lending decisions: Evidence from the banks in Macedonia | 2017 | Annals of the “Constantin Brancusi” University of Targu Jiu, Economy Series | http://www.utgjiu.ro/revista/ec/pdf/2017-04/39_Vasilev%20Goran.pdf |
| Changes in the bank’s performances after the crisis: A comparative study | 2017 | Economic development | http://www.ekonomika.org.rs/sr/PDF/ekonomika/2018/clanci18-2/10.pdf |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (27 октомври 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| E-Agriculture strategy: partnership as business model framework | 2020 | Economics and Management | http://em.swu.bg/images/SpisanieIkonomikaupload/SpisanieIkonomika2020/Full-EM_volXVII_issue_1_2020.pdf |

***Наставно-образовна дејност***

Од 2009 година, Горан Василев како експерт од практиката е ангажиран на Универзитетот Американ Колеџ Скопје по група предмети од областа на Економија и Финансии, каде држи предавања по предметите Микроекономија, Меѓународни финансии, Управувачко и Финансиско сметководство. Покрај тоа, тој организира и реализира испити, проекти и останати активности неопходни за адекватно одвивање на наставата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Горан Василев и одредбите на Законот за високото образование, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научноистражувачка работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од научноистражувачката и од наставната област што тој ја покрива.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Горан Василев искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци, комисијата заклучи дека д-р Горан Василев поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитет Американ Колеџ Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во насловно звање доцент од областа на банкарство, финансии, сметководство и меѓународни економски односи.

Според гореизнесеното, комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, д-р Горан Василев да биде избран во насловно звање *доцент* во научната област банкарство, финансии, сметководство и меѓународни економски односи.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Томе Неновски с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

виш научен соработник д-р Јадранка Мршиќ с.р.
Институт за претприемништво и лидерски развој,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Душица Стевчевска Србиновска с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN
## OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323